З А П И С Н И К

од првиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации за 2023 година

Првиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 30.01.2023 во 15:00 часот, во просториите на Агенцијата.

Присутни: Стевица Јосифовски, Ервин Реџепагиќ, Тања Ковачев, Насер Адеми и Александар Давчевски.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и Предлог дневниот ред.

Дневниот ред имаше 4 точки и тоа:

1. Усвојување на дневниот ред за првиот состанок за 2023 година на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на записникот од осумнаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата од 2022 година;
3. Предлог - Годишен план за јавни набавки на Агенцијата за електронски комуникации за 2023 година;
4. Разно.

Откако Претседателот на Комисијата имаше воведно излагање по однос на предложениот Дневен ред, сите членови на Комисијата го усвоија истиот како и записникот од предходниот состанок.

Во врска со барањето под точка број 3, Директорот на Агенцијата го образложи предлогот Годишен план за јавни набавки на Агенцијата за електронски комуникации за 2023 година, по што се даде согласност за истата.

Под точка реден број 4, беше дискутирано за функционалната анализа за тоа до каде е постапката имајќи во предвид на рокот даден од Комисијата. Директорот објасни дека е во постапка набавка на фирма и дека би се запазил рокот.

Седницата заврши во 16:30 часот.

Стевица Јосифовски, претседател_____ Насер Адеми, член _____

Ервин Реџепагиќ, член _____ Александар Давчевски, член_____

Тања Ковачев, член _____